*Under the auspices of the Secretary General of the Council of Europe, Mr Thorbjørn Jagland*

# Европски Рурален Манифест

усвоен на крајот на второто заседание на Европскиот Рурален Парламент
одржано во периодот 04-06 ноември 2015 во Шердинг, Австрија
на кој присуствуваа 240 делегати од 40 европски земји

1. Ние, претставниците на многу народи и организации кои се вкоренети во рурална Европа, го усвоивме овој Европски Рурален Манифест како изјава за аспирациите, посветеноста и барањата на руралното население, врз основа на состаноците во многу земји за време на кампањата на Европскиот Рурален Парламент во 2015 година.

2. Разновидност на руралните средини. Длабоко ја цениме големата разновидност на териториите и народите во Европа, која произлегува од различната геоморфологија, климата и биодиверзитетот на земјиштето и морето, како и од долгата историја на човековата активност ширум континентот. Оваа разновидност ја сметаме како огромна шанса за благосостојбата на сите народи во Европа во иднина.

3. Заеднички вредности. Ги прифаќаме заедничките вредности кои ги поврзуваат народите на Европа - демократија, еднаквост, владеење на правото, признавање на човековите права, духот на соработката. Импресионирани сме од големиот број заеднички теми кои произлегуваат од кампањата на Европскиот Рурален Парламент ширум Европа, од Атлантикот до Црното Море и од Скандинавија до Медитеранот.

4. Квалитет на животот. Оние кои живеат во рурална Европа високо го вреднуваат квалитетот на животот кој што го нудат руралните средини, фармите, селата и малите градови, крајбрежјето и островите, планините и шумите со нивните локални култури, флора и фауна, пејзажи, здрава животна средина и културното наследство.

5. Загриженост за состојбата во руралните средини. Сепак, многу сме загрижени дека многу региони се погодени од неповолната состојба на руралната економија, недостатокот од соодветна и добро платена работа, загубата на населението заради отселување на младите луѓе, демографската нерамнотежа, намалување на активностите во секторот услуги, сиромаштијата и социјалната исклученост помеѓу ранливите групи или етнички малцинства, како и деградацијата на животната средина.

6. Потребата за дејствување. Цврсто веруваме дека овие предизвици мора да се разгледаат, за доброто не само на руралните заедници, туку и на целото население на Европа. Сите зависиме од храна, шуми, влакна, енергија, вода и минерали произведени во руралните средини. Земјоделските производители, претпријатијата и другите рурални чинители создаваат заедничко богатство за Европа. Руралните средини во голема мера придонесуваат во борбата против климатските промени, јавното здравје, социјалната, економската и духовната благосостојба.

7. Права. Го истакнуваме правото на руралните средини и заедници за целосно признавање од страна на сите народи и институции на Европа, за квалитет на животот и животен стандард еднаков на оној на градското население, и правото за рамноправно учество во политичките процеси. Бараме владите на сите нивоа да го поддржат тоа право.

Мажите и жените треба да уживаат еднакви права во сите аспекти на политиката и работењето, кои се однесуваат на руралните заедници.

8. Визија. Нашата визија за иднината на рурална Европа е визија за живописни, инклузивни и одржливи рурални заедници, кои се поддржани од разнообразни рурални економии, со ефикасно управување, со високо квалитетна животна средина и богато културно наследство. Веруваме дека руралните заедници, моделирани според таа визија, можат, долгорочно гледано, да бидат главен фактор во придонесот кон просперитетна, мироѕубива, праведна и правична Европа и кон одржливо глобално општество.

9. Партнерство. Остварувањето на нашата визија бара во секоја земја постоење на воспоставено и правично партнерство меѓу народите и владите. Ние, луѓето од руралните средини и руралните организации, знаеме дека имаме одговорност за водство и делување во насока на наша заедничка благосостојба. Но, исто така, легитимно бараме владите, вклучувајќи ги и европските институции, да работат на сите нивоа ова клучно партнерство да стане ефективно.

10. Оценка на состојбата во руралните средини. Ја повикуваме Европската Унија да изготви сеопфатен преглед на состојбата во руралните средини во рамките на Европската Унија, придонесот кој сега го даваат руралните средини, и кој понатаму може да го даваат за благосостојбата на Унијата. Извештајот за овој преглед на состојбата треба да биде објавен во 2017 година, по повод одбележувањето на 30-годишнината од извештајот "Иднината на руралното општество“. Заклучоците од тој извештај треба да се одразат во зголемен фокус врз руралните области во рамките на сите релевантни програми и фондови на ЕУ. Сакаме да го искористиме постојаниот процес на Европскиот Рурален Парламент за да им се овозможи на руралните заедници да влијаат на изготвување на политиките за периодот по 2020 година.

Бараме од Советот на Европа да ја разгледа изработката на преглед на состојбата и потребите на руралните средини во сите свои земји членки.

11. Пренасочување на спиралата на опаѓање. Многу рурални региони се погодени од влијанието на 'спиралата на опаѓање' врз виталноста на руралните заедници. Загубата на население (особено на младите луѓе) доведува до намалување на одржливоста на руралните услуги и ослабување на локалните економии, што поттикнува поголема депопулација. Повикуваме на заеднички напори од страна на руралните чинители, на сите релевантни агенции и влади за "пренасочување на спиралата" преку промоција на почитта и гордоста во традицијата на руралниот начин на живот, а не наметнување урбани норми, зајакнување на руралните услуги, диверзификација на руралните економии, и поголеми можности младите луѓе да останат или да се вратат во руралните средини.

12. Млади. Многу млади луѓе се подготвени да останат или да се преселат во руралните средини и како семјоделски производители, рурални претприемачи или граѓани да ја преземат одговорноста за идната благосостојба на руралните економии и заедници. На младите луѓе им треба атрактивно вработување, добро креирани системи на образование и стручно оспособуваање, школување засновано на локалните потреби, пристап до земјиште, станови и кредити, социјални и културни активности прилагодени на младите луѓе, како и посебна поддршка за младите земјоделски производители и претприемачи. Ги повикуваме владите и граѓанското општество да ги задоволат овие потреби и да им овозможат на младите луѓе да земат активно учество во политичките процеси.

Го поддржуваме повикот упатен до младите луѓе од руралните средини да имаат Рурални Младински Парламент, како на национално, така и на европско ниво.

13. Бегалци. Доаѓањето на очајни луѓе од областите со конфликт и катастрофа, кои бараат засолниште и нов живот во Европа, предизикува размислување и дејствување во рамки на нашите мрежи. Истовремено повикувајќи ги владите и други агенции да работат на итно решавање на основните причини за оваа криза, Апелираме за срдечен одговор на потребите на овие луѓе, врз основа на солидарност меѓу народите. Веруваме дека за многу рурални средини, а особено оние со намален број на жители, ова дава можност за интегрирање на бегалците и другите новодојдени лица. Процесот на интеграција мора да опфати создавање на нови работни места, инвестиции во домувањето, услугите и инфраструктурата. Напорите за успешна интеграција треба да се пофалат.

14. Сиромаштија и исклученост. Го препознаваме напредокот што е направен во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во Европа. Меѓутоа, потсетуваме дека милиони луѓе сеуште се погодени од сиромаштија и социјална исклученост од различни видови. Социјалната и територијалната кохезија се составен дел на нашата визија за Европа. Апелираме за постојани напори за поголема вклученост и целосно учество на руралното население во општеството. Од особен интерес се потребите на ромските заедници во многу европски земји, кои, меѓу руралното население во Европа, се меѓу најсиромашните и најисклучените. Тие треба да бидат признаени како луѓе со еднакви права за соодветни работни места и образование за нивните деца. Сите луѓе имаат таленти и вештини кои можат да ги понудат.

15. LEADER и Локален развој воден од заедниците (CLLD). Силно се залагаме за територијален, интегриран и пристап кон руралниот развој заснован на партнерство, кој се спроведува во насока од долу нагоре и го вклучува локалниот аспект. Сакаме да ја видиме широката примена на LEADER принципот, и негово проширување во Локален развој воден од заениците (CLLD), во рамките и надвор од ЕУ. Многу сме загрижени заради сегашниот недостаток на вистински интегриран процес на регионален и рурален развој во многу земји. Ги повикуваме институциите и владите во рамките на ЕУ да покажат доверба кон Локалните Акциски Групи, да го зголемат нивното финансирање, да ги прилагодат своите правила и процедури кон потребите на руралните заедници и да обезбедат вистински интегриран пристап за локален развој и за користење на повеќекратните фондови. Ги повикуваме сите сектори во земјите од Западен Балкан и од Црното Море да ги поставаат темелите на партнерство помеѓу секторите за користење на фондовите на LEADER и на Локалниот развој воден од заедниците (CLLD).

16. Услуги и инфраструктура во руралните средини. Основните рурални услуги, како што се продавници, поштенските услуги, училишта, примарна здравствена заштита и јавен превоз, како и социјалната инфраструктура, се од витално значење за поддршка на квалитетот на животот во руралните средини. Соодветна физичка инфраструктура - снабдување со вода, канализација и струја, снабдувањето со енергија, транспортни системи - е исто така од витално значење. Но, во многу рурални региони, руралните услуги се неразвиени или речиси не постојат и инфраструктурата е несоодветна, што може да придонесе за еден маѓепсан круг на опаѓање. Ги повикуваме владите и давателите на услуги да го признаат правото на руралното население за соодветна инфраструктура и разумен пристап до сите основни услуги, и да им се овозможи на руралните заедници да донесуваат одлуки и да преземаат активности за обезбедување на услуги и инфраструктура соодветни за нивните потреби.

17. Широкопојасен интернет и мобилна комуникација. Пристап до телекомуникации со висок капацитет станува суштински значајно за социјалниот, културниот и економскиот живот на сите жители на Европа и за обезбедување на неопходните услуги. Поради нивната оддалеченост и слаба населеност, руралните средини имаат посебни потреби за ефикасни телекомуникации. Меѓутоа, многу рурални средини, особено во Централна и Источна Европа и периферните региони на ЕУ, во моментов се во многу неповолна положба заради неразвиеност на телекомуникациските системи. Ги повикуваме владите, мулти-националните финансиери и телекомуникациските компании да работат на итно обезбедување пристап до брз широкопојасен интернет и мобилни услуги за целото рурално население и, каде што е потребно, да се овозможи самите рурални заедници да преземат акција за да се обезбеди оваа услуга.

18. Локални и субрегионални економии. Руралните региони на Европа опфаќаат илјадници локални и субрегионални економии, микро, мали и средни претпријатија, кои претставуваат движечка сила на руралните заедници и во голема мера придонесуваат кон вкупните национални економии. Го потврдуваме големото значење на унапредувањето на виталноста и одржливоста на овие локални и субрегионални економии ширум рурална Европа. Средствата за тоа ќе се разликуваат од место до место, но може да опфатат иницијативи во многу различни сектори - земјоделството, шумарството, риболов, производството на енергија, претпријатија за производство на финални производи, ланци на снабдување, туризам и услужни дејности, како и претпријатија засновани на информациска технологија. Постојат големи можности за социјалното претприемништво. Од голема важност е обезбедување на сеопфатни советодавни служби, деловна поддршка и кредитни услуги, а исто така и стручно образование и обука, точно насочени кон постојните и потенцијалните можности за вработување.

19. Малите и семејни фарми. Го почитуваме огромниот придонес кој комерцијалните фарми го даваат на европската економија. Меѓутоа, сериозно сме загрижени заради губењето на работната сила на фармите, како и за благосостојбата на многуте милиони мали и семејни фарми во рамките на ЕУ и во Југоисточна Европа и регионот на Црното Море, особено во оддалечените области, на планините и островите. Овие фарми обезбедуваат егзистенција на милиони семејства, обезбедуваат храна на локалните пазари, го сочинуваат основното население на илјадници заедници и ги одржуваат традиционалните начини на живот од кој зависат здравјето на земјиштето, убавината на руралните предели, екосистемите и културното наследство. Нивната виталност може да

се сочува преку формирање задруги и општествени земјоделски претпријатија, диверзификација на приходите од нивните фарми и на локалните економии, како и преку постепено формирање на поголеми земјишни поседи. Ги поттикнуваме владите, организациите на граѓанското општество и руралните заедници да го препознаат и поддржат семејното земјоделско производство како одржлив европски модел.

20. Мали градови. Малите градови, чиј број изнесува илјадници во Европа, имаат пресудно значење како социјални, економски и културни центри за руралните заедници. Тие се центри на трговијата, јавните и социјалните услуги, образовниот систем и системот за здравствена заштита; нудат големи можности за туризам, заедно даваат голем придонес кон регионалните и националните економии. Сепак, тие не се препознаени во целите на националните или европските политики и програми, а нивниот формален административен статус често не е дефиниран. Ние се залагаме за интегрирана политика на Европската Унија, фокусирана на малите градови, која би ги уважувала сите придонеси кои тие ги даваат во општествените и економските структури на руралните региони и нивната виталност.

Повикуваме на поголема соработка помеѓу заедниците, организациите и органите на власта во руралните и урбаните средини, со цел да се извлече целосна полза од социјалните, културните и економските врски, која таквата соработка може да ја донесе. Се залагаме за интензивна размена на идеи и добри практики помеѓу руралните и урбаните средини.

21. Климатските промени и природните ресурси. Во периодот до Конференцијата на Обединетите Нации за климатски промени, ја потврдуваме важната улога која руралните области на Европа може да играат во борбата против климатските промени и во одржување на ресурсите на животната средина. Исто така ја препознаваме потребата да им се помогне на руралните области за да се прилагодат на климатските промени. Над 40 проценти од територијата на Европа е под шуми, кои можат да го заробат и запленат јаглеродот и кои во голема мера придонесуваат за обновливите извори на суровини и енергија. Руралните области се добро позиционирани за да ја задоволат растечата побарувачка за обновливи извори на енергија од извори како што се ветер, вода, плима и осека, сонце, геотермални извори и производи од дрво, на начини кои ја почитуваат недопрената природа и животната средина на земјата и водата, а кои носат директна полза и вработувања во руралните заедници. Апелираме за зголемено користење на земјоделско-шумски, агро-еколошки и био-економски пристапи. Исто така ја нагласуваме потребата при распределба на финансиската поддршка за недоволно развиените подрачја, да се земат во превид условите кои настанале под влијание на климатските промени.

22. Западен Балкан и Југоисточна Европа. Руралните заедници и економиите во земјите на Западен Балкан и Југоисточна Европа се длабоко погодени од политичката нестабилност во регионот. Процесот на пристапување кон ЕУ е на чекање. Ова го забавува процесот на политички реформи. Руралниот развој не е препознаен од страна на владите како приоритет. Бараме од ЕУ да го ревитализира процесот на пристапување за овој регион, вклучувајќи многу поефикасна поддршка на процесите за рурален развој.

23. Лидерство во руралниот развој. Ја потврдуваме важната улога на лидерството на сите нивоа и помеѓу нив. Признаваме дека главната одговорност за идентификување на потребите и обезбедување на решенија лежи кај нас, руралните чинители. Сепак, лидерството во руралниот развој подразбира заедничко делување од локално, регионално, национално и европско ниво и се карактеризира со посветеност, комуникација, соработка и градење на доверба. Бараме од граѓанското општество, владите и приватниот сектор да работат заедно во правец на градење на капацитети, ресурси и да го поддржат унапредувањето на средина која поттикнува иновативно, одржливо и одговорно лидерство, средина која е инспиративна и привлечна за идни лидери.

24. Мрежи на граѓанското општество. Европските и националните мрежи кои ја водеа оваа кампања на Европскиот Рурален Парламент се цврсто поставени во локалното дејствување и партиципативната демократија. Нивното членство вклучува илјадници акциони групи на ниво на селото, локалните здруженија, задруги и други структури кои промовираат соработка помеѓу руралните актери. Ги повикуваме владите и европските институции да ја почитуваат независноста на невладините организации и нивните мрежи и да ги поддржат нивните активности.

25. Партнерството меѓу граѓанското општество и владите. Веруваме дека ефикасниот рурален развој бара отворено и иновативно партнерство меѓу народите и владите, еднакви едни покрај други. Ги повикуваме руралните чинители да соработуваат со владите; ги повикуваме и владите, меѓународните институции и соодветните агенции да се воспоставaт поснажни системи за консултација и колаборативно одлучување, со цел да им се овозможи на руралните заинтересирани страни да учествуваат во формулирање и спроведување на политиките и да постават цврста основа за меѓусебна соработка.

26. Клима за поддршка. Ги повикуваме владите да дејствуваат во духот на доверливо и отворено партнерство со руралните заедници, признавајќи го нивното право на самоопределување, да обезбедат клима на поддршка од аспект на законската регулатива, прописите, администрацијата и финансиите. Оваа клима на поддршка треба да опфати и целосна посветеност кон демократија и владеење на правото; поврзаност помеѓу различните аспекти и географските нивоа на политиката во сите области на дејствување на владата поврзани со руралните средини; проверка од страна на руралните чинители на сите релевантни политики и програми; поедноставна форма и деликатно и флексибилно користење на регулаторните, фискалните и финансиските системи за поттикнување на иницијатива од страна на поединци, микро, мали и средни претпријатија, општествении претпријатија, задруги и други; и почитување на правата на руралните заедници во формулирање на меѓународните закони и договори.

27. Образование. Во светот кој се менува, луѓето насекаде и постојано треба да ја подобруваат нивната способност да се прилагодат и да воведуваат новини во социјалната и економската активност. Од оваа причина, образованието и доживотното учење – почнувајќи во раното детство - имаат клучно место во овозможување на руралните заедници да просперираат, со неопходната соработка и вмрежување, како и целосно да учествуваат во развојните процеси. Образованието има посебно значење во овозможување на младите луѓе да ги разберат можностите за подобар и остварлив животот во селата, за стекнување и постојано обновување на вештините кои им се потребни. Ги повикуваме образовните институции да обезбедат ефикасен пристап до

образовни услуги за руралното население, вклучувајќи учење на далечина и стручно оспособувањее соодветно на реалните потреби на животот во руралните средини.

28. Меѓународна размена. Веруваме дека работењето за постигнување на одржлив рурален развој на пошироката територија на Европа може да биде во голема мера потпомогнато и забрзано со размена на добри практики меѓу руралните засегнати страни и владите во сите земји во Европа и пошироко. Истокот и Западот подеднакво можат да придонесат и да остварат придобивки од таквата размена. Повикуваме на вистински паневропски пристап кон програмите за размена, преку соработка помеѓу владите, невладините организации, мултинационални донатори и други чинители во рамките и надвор од ЕУ. Водечки придонес во овој процес треба да биде даден од страна на Европската мрежа за рурален развој и Националните мрежи за рурален развој, финансирани од страна на ЕУ во сите земји-членки на ЕУ.

29. Застапување и делување. Бараме европските невладини мрежи, кои заедно го иницираа Второто Заседание на Европскиот Рурален Парламент да предводат програма за застапување и делување врз основа на овој Манифест, во соработка со националните членови и сите партнери кои се подготвени за тоа.

30. Наш завет. Се заветуваме на сопствена постојана посветеност за остварување на визијата и активностите наведени во овој Манифест. Веруваме дека руралните заедници, владите и на мулти-национални институции, работејќи заедно, можат да остварат препород на руралните региони на Европа. Со тоа убедување, изјавуваме дека **цела Европа ќе живее**!

***Објаснување***

*Кампањата на Европскиот Рурален Парламент 2015 година е заеднички иницирана од страна на три пан-европски невладини организации - Европската Алијанса на Рурални Заедници, PREPARE Партнерството за Рурална Европа и Европската ЛИДЕР асоцијација за рурален развој. Кампањата опфати национални кампањи за собирање идеи од руралните заедници во 36 европски земји; национални конференции или седници на Рурални Парламенти во многу од овие земји; и тридневното заседание на Европскиот Рурален Парламент, на кој присуствуваа рурални чинители од 40 земји, како и претставници на владите и меѓународните институции. Манифестот ќе претставува основа за продолжување на кампањата од страна на трите заеднички иницијатори и нивните национални партнери.*

Co-funded by the Europe for Citizens Programme of the European Union

MIT UNTERSTÜTZUNG VON BUND, LAND UND EUROPÄISCHER UNION